Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 07.01.2019

На 06.01.2019 година во 16,00 часот било пријавено дека на магистралниот пат Битола-Ресен, кај место викано „Чешми‟, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Сеат кордоба‟ со прилепски регистерски таблици, управувано од Љ.П.(64) од Прилеп, и патничко моторно возило "Фолксваген пасат‟ со охридски регистерски таблици, управувано од Д.К.(38) од с.Дрмени-ресенско. На местото на настанот починал Љ.П. Со тешки телесни повреди се здобиле возачот Д.К., како и сопатниците од истото возило Л.К.(39) и две деца на возраст од 14 и 11 години, сите од с.Дрмени-ресенско, кои со возило на Итна медицинска помош биле пренесени во Клиничката болница во Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од страна на Јавен обвинител и увидна екипа од СВР-Битола.

На 06.01.2019 година во 12,45 часот било пријавено дека на регионалниот пат Скопје-ХЕЦ Козјак, во атарот на с.Варвара, патничко моторно возило „Голф" со скопски регистерски таблици, управувано од Д.К.(54) од Скопје, излетало надвор од коловозот и се превртело. Д.К. со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид од страна на СВР-Скопје.

На 06.01.2019 година во 11,30 часот во Скопје на булеварот „Партизански одреди" поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "кражба" по чл.235 од КЗ на РМ, приведени биле А.М.Д.(32) и Е.С.К.(28), двете од Р.Бугарија. Лицата биле задржани во Полициска станица Центар за понатамошна постапка.

На 06.01.2019 година во 09,30 часот на Граничниот премин „Богородица", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "фалсификување исправа" (зелена карта) приведен бил О.Х.(58) од Р.Турција, кој управувал товарно моторно возило "Ивеко" со турски национални ознаки со полуприколка „Макинсан". Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 06.01.2019 година во 18,00 часот на Граничниот премин "Богородица", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "фалсификување исправа" (зелена карта) приведен бил Ц.М.(43) од Р.Турција кој управувал товарно моторно возило "Ивеко" со турски национални ознаки со полуприколка "Тирсан". Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 06.01.2019 година во 07,15 часот во СВР-Штип, од Територијалната противпожарна единица-Штип било пријавено дека во с.Караорман во куќата сопственост на Р.Б.(83) настанал пожар. Од екипа на Територијалната противпожарна единица-Штип пожарот бил изгаснат. Извршен е увид.

На 06.01.2019 година во 12,00 часот на Граничниот премин "Деве Баир" поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" (зелена карта) бил приведен Г.К. (46) од Р.Турција, кој управувал товарно моторно возило „Рено" со турски национални ознаки, со полуприколка „Тирсан". Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 06.01.2019 година во 14,00 часот во СВР-Скопје А.Ј.(31) од с.Бразда-скопско пријавила дека истиот ден околу 13,00 часот во с.Бразда Б.Ч.(41) физички го нападнал нејзиниот малолетен син поради претходна расправија помеѓу синот на Б.Ч. и нападнатиот малолетник. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗППЈРМ.

На 06.01.2019 година во 22,55 часот во СВР-Охрид Н.Ј.(31) од Охрид пријавил дека истиот ден околу 22,15 часот на улицата "Партизанска" пред казино дошло до расправија, а потоа и до физичка пресметка меѓу пријавителот и Д.А. од Охрид. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 06.01.2019 година во 16,50 часот во Полициската станица Прилеп Т.А.(53) од Прилеп пријавил дека истиот ден околу 09,00 часот во деловен објект лоциран во градскиот пазар во Прилеп од страна на едно лице на возраст од околу 20-25 години по претходна вербална расправија бил физички нападнат. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 06.01.2019 година во 23,00 часот во Полициската станица Прилеп Б.Д.(24) од Прилеп пријавил дека истиот ден околу 20,30 часот на улицата "Марксова" во близина на казино пријавителот бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 06.01.2019 година во 23,00 часот во Полициската станица Кавадарци А.В. (38) од село Росоман пријавил дека истиот ден, околу 18,00 часот бил повикан од С.К. од Скопје да дојде во неговата викендичка во Росоман за да расчистат меѓусебни должничко- доверителски односи. Кога стигнал таму, заедно со С.К. било уште едно лице од Скопје, негов пријател. Пред да му ги даде парите С.К., според пријавителот, го повикал и Б.П. од Росоман, кој откако дошол веднаш почнал да се расправа со пријавителот и физички го нападнал. Во моментот кога пријавителот го напуштил објектот, според него, С.К. испукал два пати со пиштол, но никој не бил погоден. На А.В. му е укажана лекарска помош во Општата болница  Кавадарци и е пуштен на домашно лекување. С.К. е приведен во полициска станица и се работи на целосно расчистување на случајот.

Во Полициската станица Гази Баба В.М.П. пријавила дека од Јавната установа за згрижување на деца на 04.01.2019 самоволно се оддалечил нивен 13 годишен штитеник. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.01.2019 година во 13,00 часот во СВР-Струмица Е.А.(19) од Струмица пријавил дека истиот ден околу 12,40 часот на улицата "Цветан Димов" бил физички нападнат од А.А.(46) од Струмица.  Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 06.01.2019 година во 09,00 часот во Полициската станица Демир Капија М.Ѓ.(33) од с.Стење-ресенско пријавил дека истиот ден околу 02,00 часот во Демир Капија во угостителски објект бил физички нападнат од страна на Г.Т. и уште неколку други лица. Се превземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 07.01.2019 година во 05,00 часот во Полициската станица Дебар С.Л.(38) од Дебар пријавил дека во дом на ул. "Вељко Влаховиќ" во Дебар од страна на три лица со закана со оружје му било извршено разбојништво при што е одземен мобилен телефон, а едниот од нив физички го нападнал, по што го напуштиле местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.01.2019 година во 01,25 часот во СВР-Скопје било пријавено дека во с.Трубарево-скопско, во домот била пронајдена почината В.Н. (60). Од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршил Јавен обвинител и увидна екипа од СВР-Скопје,  а телото на починатата е дадено на обдукција.

bezbednost)

» Архива
(http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)